ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ / BUREAU FOR REGIONAL DEVELOPMENT

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ПРЕВЗЕМИ ЧЕКОР
# ЗАШТИТИ ЈА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА!

## Вовед

Загадувањето на животната средина претставува еден од најголемите проблеми со кои се соочува светот денес и кој за жал се зголемува со секоја изминатата година, а штетите кои загадувањето ги предизвикува на Земјата и живиот свет се сѐ потешко поправливи.

Чистата животна средина влијае кон подобрување на квалитетот на животот и здравјето на луѓето. Значаен предуслов за развој на Југоисточниот регион се чиста животна средина и заштита на природните ресурси.



## Опис на проектот

Трите општини од овој регион (Струмица, Конче и Василево) се договорија партнерски своите активности да ги насочат кон заштита и унапредување на животната средина преку подобрување на комуналната инфраструктура и системите за прифаќање на атмосферските и отпадните води.

## Активности

Активностите предвидени преку овој проект вклучуваат реконструкција и сервисирање на опрема за филтер станица во с.Василево, општина Василево со цел подобрување на квалитетот на водата за пиење на жителите на ова населено место, изградба на прочистителна станица во с. Ракитец, општина Конче и како и уредување на дел од поројот „Крушевска Република“, општина Струмица кој проаѓа низ централниот дел од градот Струмица во должина од 1450 м и вон урбаниот дел од градот во должина од 1550 м.



## Општина Василево

Пристапот до квалитетна вода за пиење е суштествена животна потреба која на граѓаните од општина Василево.
Со промена на кварцниот песок за прочистување на водата во пречистителната станица, како и поставување на дополнителна опрема, жителите ќе го решат еден од најголемите проблеми со кој се соочуваат и ќе добијат безбедна вода за пиење. Со поставувањето на дополнителна опрема, ќе има можност за одржување на редовна дезинфекција на водата која ја пијат граѓаните. Со овој проект се очекува квалитетот на водата од година на година да се подобрува. Од овој водоснабдителен систем со вода за пиење се снабдуваат жителите на населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Едрениково како и објектите од индустриската зона во општина Василево.

## Вкупен Буџет на Проектот:

## 11.190.188,00 ден

## Општина Струмица

Уредување на поројот „Крушевска Република до улив во река Тркајна“ е проект со кој општина Струмица ќе придонесе за намалување на влијанието и загадувањето од атмосферските и отпадни води како во централното градско подрјаче така и во периферните делови на градот.Поројот „Крушевска Република“ проаѓа низ централниот дел од градот Струмица и е еден од главните реципиенти за атмосферски води на градот за време на посилни врнежи. Вкупната должина на каналот од базната преграда до реципиентот р. Тркајна изнесува околу 3000 м и тоа: од реципиентот река Тркајна до почетокот на урбаниот дел од градот 1550 м и во урбаниот дел од градот во должина од 1450 м. Со имплементацијата на овој проект каналот „Крушевска Република“ кој е од отворен тип, непречено ќе ја извршува својата примарна функција на прифаќање на атмосферските води.

## Општина Конче

Во Општина Конче припаѓаат 11 населени места од кои 6 се активни, 3 се со многу мал број на жители, додека во 2 воопшто нема население.Селото Ракитец се наоѓа во о. Конче со вкупен број од 312 жители. Во еден дел од селото постои колектор за фекална канализација, но истиот не е довршен. Активностите во проектот предвидуваат доизградба на постоечкиот колектор од ревизионата шахта означена како (РШ1) во проектот и изградба на пречистителна станица за село Ракитец. Од оваа шахта отпадната вода влегува во Пречистителната станица, каде се обработува технолошки во неколку процеси на прочистување и преку излезниот колектор од прочистителната станица прочистената вода се слева во река Лакавица. Пречистителната станица е предвидена за комунални отпадни води со капацитет од 250 Е.Ж и сите операции за прочистување на отпадните води се предвидува да се одвиваат во анаеробни услови, која за разлика од другите процеси има низа предности во своето функционирање.